меѓународен фестивал на алтернативна фотографија 2023

# ЗРНО

Кон сонцето!

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

77.06/.07(497.7)(083.8)

МЕЃУНАРОДЕН фестивал на алтернативна фотографија Зрно (2023)
Кон сонцето! / Меѓународен фестивал на алтернативна фотографија 2023 Зрно ; [Сашо Алушевски ; превод од македонски на англиски Теа Дуза]. - Скопје : С. Алушевски, 2024. - 204 стр. : илустр. ; 21x21 см

Текст напоредно на македонски и англиски јазик. - Содржи и: Let's follow the sun!!

ISBN 978-608-66929-0-2

а) Уметничка фотографија -- Алтернативни техники -- Фестивали -- Македонија -- Каталози

COBISS.MK-ID 62896901

---

Визуелен идентитет 2023: Јелена Белиќ/Мартина Пенева/Visual Identity 2023: JelenaBelikj/Martina Peneva

Дизајн: Емилија Малезан/design: Emilija Malezan



Зрно буквално се материјализира кога засадивме дрво. Тоа беше првата *опиплива,* видлива активност што ја направивме заедно. Живот, вкоренет во мајката земја кој природно се стреми *кон сонцето!* Ене го, на Матка, крај Скопје. Ни пренесе дел од својата мудрост, да не се залетуваме како Икар, ами внимателно, со гајрет да одиме по нашиот пат.

Во периодот од издавањето на првиот каталог и подготовката на овој, засадивме над илјада што изртени дрвца, што желади, костени, багреми, липи, ореви... на различни места низ земјава. Веруваме дека нешто од тоа ќе се зафати, ќе го почне својот живот и ќе се устреми *кон сонцето!* Во меѓувреме и самите пораснавме, созреавме, поднаучивме нешто. Светот слушна за нас. Со тоа се ни се зголеми и одговорноста ама и дополнително се распали страста за она што го правиме.

Второто издание на Зрно, природно, го зголеми бројот и квалитетот на сите содржини, ги отфрли ластарите кои се покажаа дека се *криво насадени* и продолжи да расте. Не верувам дека кога го почнувавме сето ова би можеле да замислиме дека кога и да е ќе достигнеме ваков квалитет на содржините. И не знаеме дали е чиста среќа, благослов, дали и со што сме го заслужиле тоа, ама имавме прекрасни изложби, со квалитет кој ретко се гледа кај нас, и неверојатно убави учесници на работилниците. Комуницииравме со луѓе од сите седум континенти, од сите ќошиња на глобусот. Во Цапари се дружевме со луѓе од Атина до Осло! Таму блесна целата љубов, страст и посветеност кон играта, творештвото и експериментирањето со фотографијата. Учевме, фотографиравме, се фрустриравме, се смеевме, готвевме, патувавме заедно. Многу се смеевме! Озарени. Во таков контекст, со подеми и падови, но со неверојатна енергија меѓу сите нас настанаа неверојатно квалитетни дела. Зрно е специфичен фестивал, или феномен. Различен е од сите останати фотографски фестивали. Не сака да расте на сметка на човечноста. Не сака да се преоптовари со активности кои не може да ги издржи. Верува дека најдобар контекст за учење е кога сите се чувствуваат добро, игриво и се комотни да грешат, да си играат, да споделуваат, да прашуваат, да побараат мислење, помош, совет. Зрно е многу поинтровертирано од другите фестивали. Веројатно и не е фестивал, ама мора некако да се нарекува. Се фокусира на суштинските нешта. Не се фокусира на техничките можности, ами кон креативното растење. Условите за работа се на раб на подносливи, ама тоа ги тера луѓето кон солидарност, кон споделување и отвора можности за импровизации и за игра. И, верувам, и да сакаме, тешко дека би можеле да го смениме пристапот. И како што најавивме на самиот почеток, почеток, *ние сме крајно ревносни во нашата несериозност, потполно посветени во нашата намера да не се сфаќаме себе многу сериозно. Целта на Зрно е да поттикне, да иницира, да покаже а не да заокружи некаков процес. Зрно сака да посочи дека еден поинаков свет и поинаков пристап кон нештата се можни. Алергично е на ригидност и закоравени правила. Ориентирано е кон самиот процес и поттикнување на страста.*

*На Зрно се слави играта, можноста за експериментирање, тактилноста, спремноста на безброј „грешки“, комотноста да се „греши“, исчекувањето, непредвидливоста на резултатот. Слободата. Зрно провоцира прашања и не сака да нуди крајни решенија. Зрно сака да поттикнува одење во непознат правец, дури и кога е јасно дека скоро сигурно е ќорсокак. За нас таквиот став значи повисоко ниво на поимање на нештата. И затоа кон Зрно гравитираат луѓе кои доволно созреале за да знаат дека е потребно повисоко ниво на свест, за да се дојде до состојба на игривост и отсуство на рационална контрола и ситни его пориви, за да може навистински слободно да се твори. За многумина тоа е едноставно несериозно и незрело. И тие луѓе ќе нѐ одминуваат, но, за нив има безброј други можности. А Зрно е едно. Ние сме една мала заедница која самата себе се поттикнува, свесни дека вистинската, сериозна работа, доаѓа понатаму. Нашата мисија е да го засадиме зрното, растењето и развојот е грижа на самиот живот. Не сме до толку слепо самобендисани, да мислиме дека ние би можеле да влијаеме.* Може да се пишува многу, а сепак да се долови малку. Текстот тешко го пренесува она исконско, едноставно и елементарно човечно чувство. Како што рече една учесничка: *Зрно не може да се опише, Зрно мора да се доживее!* Затоа само имам потреба да се заблагодарам на сите кои на кој и да е начин беа дел од овогодинешното патешествие. *Потребна беше огромна количина енергија, време, исчекувања, фантазии, надевања, соништа, пропаднати генијални идеи, разочарувања, солзи од очај и солзи од смеа. Целиот тој процес изгради силни и длабоки врски меѓу нас-луѓето кои го спремавме Зрно.*

Зрно 2023 формално се состеше од:
- Седум изложби
- Седум работилници за алтернативна фотографија во траење од
- Седум дена

Кога ја отворивме последната изложба, некој спомна дека е *Митровден*, некако се сетивме дека првата изложба ја отворивме на 6ти мај, *Ѓурѓовден!* Какво митско преклопување! Тоа се деновите кога од памтивек овде се почнувале работните активности, од комитлак до гурбет. Несвесно сме се синхронизирале со ритамот на вселената, со еден прастар ритам, со предисториски колективни предлошки, така природни за народниот бит и (над)свест. И тоа можеби нешто значи... Секако, Зрно е тимска работа, а како најзаслужни за целата магија која се случуваше во текот на целата година, а особено на работилниците во Цапари годинава ги издвојуваме, Петар, Тезан и Ена. Секој од нив/нас на свој начин придонесе ова издание на Зрно да се случи на вака прекрасен начин.

Ова издание на Зрно е посветено на Дамиан Диаконеску кој донесе една прекрасна, мирна и весела енергија, една озарена насмевка која го грееше Цапари. Се сметаме почестени што нѐ удостои со своето присуство. На Ена Алушевска, Петар Стојаноски и Тезан Хајредин, нашите *волонтеришта* кои буквално *изгинаа*- при тоа работејќи незабележливо, смирено, деноноќно. Без нивната посветеност, смиреност и организираност, ќе потфрлевме во многу моменти. И секако на Владо Димоски кој е столб, совест, советник и аголен камен на Зрно. И на најмладото *зрнце,* Евгениј!

Директна благодарност должиме до семејството Филевски и уметничката колонија Де Ниро, за поддршката со која нѐ угостија во неверојатно благородниот простор во кој се случуваа работилниците. Не можеме да се оддолжиме за таа љубезност.

Годинава, имавме многу активности, широка публика и триесетина учесници на работилниците, ширум Европа. Веруваме дека нешто од тоа ќе изрти, ќе го почне својот живот и ќе устреми кон сонцето!

Сашо Алушевски
*Митроен*, Скопје,



# Кои се зрновци:



**Кети Талевска-Бакревска** - фотографка и видеографка. Прва се зарази од Сашо и постави алтернативна изложба на лумени во Битола. Сите видеа на Зрно се нејзино дело.



**Мартина Павлоска** - најимпулсивниот дух на огнено детиште. Често физички страда на некоја активност на Зрно, затоа што се внесува со цело срце!



**Емилија Сандиќ** - студира фотографија, или се извинува или се заблагодарува. Нејзината скромност е голем дар.



**Стефан Стефановски** - студира фотографија, сите ликови на Looney Tunes во едно тело!



**Мартина Пенева** - никој не знае дали е подобра ДиЦејка, архитетка или фотографка.



**Ена Алушевска** - организиран ум и сериозна посветеност. Сите не спастри од прва.



**Петар Стојаноски** - може да биде друштво, помош и поддршка на експедиција на Хималаи или на концерт на голем бенд. И се ќе биде педантно и навреме завршено и ќе се чувствувате пријатно.



**Јелена Белиќ** - фотоархитетка. Сите стенограми од состаноците се кај неа!



**Владо Димоски** - најстариот меѓу нас, со најмлад дух. За секоја дилема, има да сподели некој животен пример и да даде ум.



**Сашо Алушевски** - на Зрно се покажа дека подобро готви одошто фотографира. Зрно е негова манца.

# Кон сонцето!
# Боо свеста ми ја зеде!

## Изложба на алтернативни фотографии на тимот на Зрно



Првата активност на Зрно годинава беше изложбата по повод денот на победата над фашизмот/денот на Европа и отворањето на Европската куќа во Битола. Беше исцрпувачко уживање да се поставува изложбата со наслов: *Кон сонцето!* во битолската Магаза, во склоп на настанот на Европската куќа во Битола, под името *Бооо, свеста ми ја зеде!* Искуството од увидот колку сме компатибилни во своите различности-непроценливо!

Од каталогот:
Изложба на тимот на Зрно-меѓународен фестивал на алтернативна фотографија. Фестивалот кој ги негува, промовира и со сласт ги ужива класичните, благородни фотографски процеси и сади дрва!

EUROPE HOUSE



За доживувањето се одговорни:

- Мартина Павлоска со креативни манипулации на полароиди
- Кети Талевска - Бакревска со лумен принтови
- Емилија Сандиќ со класични аналогни фотографии
- Јелена Белиќ со лумен принтови
- Стефан Стефановски со класични аналогни фотографии
- Викторија Мачковска со цијанотипии
- Сашо Алушевски, со класични и 3D цијанотипии на различни материјали
- Владо Димоски со опремување на визуелните дела
- Мартина Пенева која доживувањето го заокружува со аудио поттик











Кога ги собравме сите дела на едно место, сфативме дека на оваа поставка, нашите дела се испреплетени едни со други, комуницираат меѓу себе, понекогаш соработуваат а понекогаш си опонораат, се расправаат, се смеат заедно. Во различни интервали и со променлив интензитет. Исто како и ние, или оние делови од нас кои се посветени на Зрно.

Увидовме дека и нашите дела имаат свој живот и многу слична енергија како и самите ние.

Тоа можеби значи дека во своите дела навистина сме внеле автентични, искрени делови од нас. И во самите дела, се препознава колку и каква енергија е инвестирана.

А можеби и само така си замислуваме.

Можеби описот на Јелена Белиќ, за своите дела ја опишува целата поставка. *“Нишки” линии на обединување, поврзување. Односи меѓу луѓе,суштества,ентитети; основни идејни конци, тенки, заплеткани и нераскинливи врски.*

Делата се еден холограм на праисконската мајка-шума на животот, од која и изникна Зрно и во која Зрно до сега има засадено само неколку дрвца. Во неа во секој момент се случуваат нови раѓања, растења, полетувања и трулеж. Живот и смрт. Сето проникнато од мајката земја и поттикнато од и устремено кон сонцето!

Ова го изјави неименуваниот флуиден заеднички ентитет на тимот на Зрно, за изложбата. Изложбата ја отворија Зрновци и амбасадорот на ЕУ во Македонија, Дејвид Гир.

# Кун сонце, на авлија, меѓу капини и стрништа!

## Изложба на алтернативни фотографии во природно опкружување



Најпанкерската активност годинава и веројатно најблиску до духот на Зрно беше еднодневната изложба во село Цапари, за отворањето на колонијата Де Ниро и потпишувањето на меморандум за соработка меѓу Зрно - меѓународен фестивал на алтернативна фотографија и меѓународната ликовна колонијаДе Ниро од Битола. Зрно има само две години додека Де Ниро веќе некое време е полнолетна, но некако се разбираме.

Нашите неформални, лефтерни, радосни дела, совршено *легнаа* меѓу капините, копривите, авлиите и камените ѕидови во Цапари. Природата и руралното опкружување се очигледно најсоодветниот дом за Зрно. И самите бевме воодушевени од конечниот изглед на поставката, нејзинината ненаметливост од една страна и силна порака и естетска тежина од друга. Беше изложена селекција од делата кои беа претходно поставени во Магаза-Битола.









# Да се устремиме кон сонцето!

Изложба на алтернативни фотографии на меѓународен отворен повик 2023



Една од најзначајните активности оваа година беше отворениот повик за единечни или серии на аналогни фотографии. Прв пат правиме такво нешто и се согласивме, *нови сме, не знаат луѓето за нас, од Балканот сме. Ако добиеме и дваесет пријави-добро е! Од некаде да почнеме.*

На отворениот повик ни се пријавија неспоредливо повеќе автор(к)и, од над триесет земји, ама од сите континенти на светов!
Се сеќавам како се радувавме како мали деца на секоја нова пријава, и како веднаш споделувавме ново *ВАУУ-виде ли колку се добрии!*

Беше вистински предизвик да се изберат оние кои ќе се изложат. Избравме повеќе од што планиравме, заради неверојатно високиот квалитет на пристигнатите дела и некои дела, со тешко срце, одвај ги одбивме, заради капацитетот на галеријата.

Должни сме да се заблагодариме на сите прекрасни членови на нашето жири:



**Наталиа Копкина** - Аналогна авторка, од пријателскиот Хелсинки даркрум фестивал



**Стиг Марлон Вестон** - Алтернативен фотограф, Осло



**Ивана Томановиќ** - професорка на академијата за уметност Нови Сад, Белград



**Емил Киндлајн** - основач на пријателскиот фестивал Аналогманиа, Темишвар/Виена



**Дино Рекановиќ** - од пријателскиот фестивал Ротлихт, Виена



**Бруна Валенса** - млада алтернативна фотографка, Сао Паоло



**Емилија Сандиќ** - стундетка по фотографија на акедемијата за уметност, Нови Сад, дел од тимот на Зрно, Белград



**Сашо Алушевски** - Зрно, Скопје

Свесно и со предумисла се обидовме родово да го балансираме нашето прекрасно жири. Сметавме и дека е важно да го вметнеме вреднувањето на младите автор(к)и. Од таа причина ги поканивме Бруна Валенса од Бразил и Емилија Сандиќ од Србија, како млади авторки, и особено сме горди на тоа. Од една страна, ние, го имаме *младешкиот поглед* кон современата фотографија, како додадена вредност, што многу ретко се случува во светот, а од друга страна, нив им се дава можност да стекнат увид како изгледа еден процес на жирирање и да го додадат искуството во своите биографии.

Повикот го објавивме некаде во март а избраните дела пристигаа до самиот ден на отворање. (Благодарност за *експедитивноста* на сите пошти во светот!). Некои патуваа повеќе од два месеци!
Пристигнатите дела прво беа изложени во Мултимедијалниот Центар-Мала Станица во Скопје, и тука се заблагодаруваме на Националната Галерија на Македонија за можноста да соработуваме и да ги изложиме делата во простор соодветен на нивниот квалитет. Изложбата беше поставена од 16ти до 30ти јуни, 2023.

Изложбата во целост беше опремена од Владо Димоски кој исто така беше огромна поддршка и за самото поставување. И техничко и естетско.

Истата изложба, потоа беше поставена во КИЦ - Битола, во галеријата на Офицерскиот Дом 8-22 Јули, 2023 година. Благодарност до сите вработени во Офицерскиот Дом за помошта и поддршката, особено на директорката д-р Лили Бошевска за сесрдната поддршка и пригодната реч на отворањето на изложбата, пред учесниците и гостите на Зрно.

Паралелно со делата од отворениот повик, во КИЦ-Битола, во источната галерија на Офицерскиот Дом, се отвори и групната изложба на алтернативни фотографии на членовите на фото клубот Ирис, од Темишвар.

КУЛТУРЕН И
ИНФОРМАТИВЕН
ЦЕНТАР-БИТОЛА

Жирито на првиот отворен повик на Зрно, од стотиците пристигнати дела ги избра овие автори/дела да бидат изложени:

| | AUTHOR | TITLE |
|---|---|---|
| | **SINGLE ENTRIES** | |
| 1. | JORMA ONKINEN – FINLAND | BOAT |
| 2. | КАЛИН МАЏОВСКИ – MACEDONIA | 15 |
| 3. | AJR MOXON – UNITED KINGDOM | ASTROGRAM 1, 2, 3 |
| 4. | ANA VIVODA - SLOVENIA | TRACES OF SUMMER 2 |
| 5. | ANDIE  DALE – UNITED KINGDOM | JOINED HANDS |
| 6. | BARBARA_DOMINGUEZ | SEIVA |
| 7. | BUGRA KIBAROGLU - TÜRKIYE | UNTITLED 1,  UNTITLED 2 |
| 8. | CHIARA PEPE - ITALY | EDOARDIAN |
| 9. | GUZEM TONBAK- TÜRKIYE | CYANOLUMEN, TURMERIC, CHASTE LEAF |
| 10. | KATJA SIIRTOLA - FINLAND | NO WOODS WITHOUT ROOTS |
| 11. | KATRI LASSILA - FINLAND | PEONY5,  PEONY5 |
| 12. | KOSTAS TSANAKAS - GERMANY | DAWN |
| 13. | MARIA ZAWADZKA - POLAND | THE SWAN |
| 14. | MIHAILESCU ANDI - ROMANIA | NISTE MONSTRII |
| 15. | NINA GOLOB-SLOVENIA | FREEDOM |
| 16. | ВИКТОРИА СЕРГЕЕВНА-UKRAINE | СТРУКТУРА МЕЧТЫ |
| 17. | OLE BRODERSEN'S - NORWAY | TIME BY THE SEA-1, 2, 3 |
| 18. | RICHARD SHAFFNER – UNITED KINGDOM | 1_MEN, 2_MEN |
| 19. | SERGEY CHEKH - UKRAINE | HANDS PICTORIAL OILPRINT |
| 20. | SONIA DIPI - GERMANY | 1 SUN OVER BERLIN |
| 21. | SPYROS KALIVAS - GREECE | LUCID DREAMS 1 |
| 22. | SPYROS KALIVAS - GREECE | SPYROS KALIVAS 2 |
| 23. | SPYROS KALIVAS - GREECE | SPYROS KALIVAS 3 |
| 24. | ΙΟΥΛΙΑ ΛΑΔΟΓΙΑΝΝΗ - GREECE | BODYSCAPE I, BODYSCAPE II, BODYSCAPE III, |
| | **SERIES** | |
| 1. | ALEX WITHEY – UNITED KINGDOM | FOLDING WAVES |
| 2. | ALEXANDRA COSTEA - ROMANIA | RETRIEVAL |
| 3. | ANNA FRAIRE - GERMANY | PERFECT UNIQUE PIECES |
| 4. | DANY VIGIL-EL SALVADOR/CZECH REPUBLIC | PICTURES I NEVER TOOK |
| 5. | DAVID AQUINO – CANADA | WHAT'S LEFT BEHIND |
| 6. | EVA SCHLÖGL - AUSTRIA | DAILY LIFE |
| 7. | FELIX BAßLER -  GERMANY | ANALOG SLITSCAN |
| 8. | INES VALENTE - PORTUGAL | WOMEN IN HISTORY |
| 9. | IZABELA NOWAK - POLAND | MARS |
| 10. | KSAWERY WRÓBEL – POLAND/USA | SOLAROGRAFIA |
| 11. | MAEVA TOTOLEHIBE – FRANCE/CANADA | APPARAT |
| 12. | MICHAEL PERO - ITALY | BONES |
| 13. | MORE MARGO – UKRAINE | FIRST SHOT |
| 14. | NUNO SERRÃO - PORTUGAL | NO TITLE |
| 15. | SOLANGE JUNGERS - FRANCE | ELSEWHERE |
| 16. | STEPHAN SCHWARZ-AUSTRIA | JAMMER |
| 17. | STEVE LOVEGROVE-NEW ZAELAND | EXQUISITE CORPSE |
| 18. | URSHKA SPALEMBEK-SLOVENIA | RAIN ON A CAR WINDOW |














BARBARA DOMINGUEZ – IRELAND
Brazilian based in Ireland. Master's degree in Exploratory Feminism and Advertising, as well as exploring analogue photography and plastic arts my work examines the female and its narratives in the world while identity and gender complexities. As an immigrant, my body holds tales untold, a thread in a bigger story. Through this photo, my movements and experiences unfold on a non-linear path that traverses different seas.
"SEIVA"
Instax Film Soup - For the soup: water, bleach, lemon and beetroot
And acrylic painting and fire.


EOS

# НЕМ ДИЈАЛОГ НА ДВАЈЦАМАЈСТОРИ НА АНАЛОГНИОТ ПРИСТАП

Изложба на:
Жузеп Мариа Рибас Прус и Дамиан Диаконеску

КИЦ
20 јуни 2023, 20.30ч



Жузеп Мариа Рибас Проус (Josep Maria Ribas Prous - Барселона, Каталонија), фотограф - мајстор на црнобелата фото лабораторија. Првиот шпански автор одликуван со титулата Maître de la Fédération Internationale de l'Art Photographique (MFIAP, 1985). Ги добил признанијата: AFIAP, EFIAP, MFIAP и ESFIAP. Почесен член на различни фотографски клубови и салони, наведен од фелата како еден од фотографите со најмногу национални и меѓународни награди. Неговото дело е изложено во 62 музеи и приватни колекции низ светот.

Меѓу темите на неговото творештво се издвојуваат актот, концептуализмот, пикторијализмот, пејсажот... Опишан како автор со непогрешлив стил, неговата уметничка кариера се заснова на постојаната потрага по убавото, кое го наоѓа во едноставноста на темата поткрепена со длабоко познавање на фотографската техника и хемиските процеси. Работел со пигментарни процеси и други историски благородни техники, дихромати, цијанотипија, солени принотви, албумен, бромоил, платинотипија. Сето тоа искуство е видливо на неговите совршени класични аналогни, рачно изработени позитиви. Дел од тоа мајсторство можеше да се види во салонот на КИЦ-Скопје.

Наспроти него, го претставивме Дамиан Диаконеску (Damian Diaconescu-Темишвар, Романија). Ако Рибас Прус е ѕвезда на светско ниво, Дамиан, според нас е недоволно познат и признат автор дури и во неговиот роден Темишвар. Не знаеме дали сме комотни да речеме-неправедно непознат. Секако, според неговите дела заслужува светска слава, ако се раководиме според нормите на мнозинството. Но дали овој маг, алхемичар ќе го пронајдел својот камен на мудроста доколку би бил *откриени* светски познат пред 20 години? Како тоа ќе се одразело на неговиот скоро детски жар и страст кон фотографијата? Ќе ги имавме ли овие неверојатни дела...?

Во однос на пристапот, естетиката и односот кон визуелното, неверојатно интересно е да се види како двајца автори од различни делови од континентот, симултано, скоро истовремено работат слични процеси, слична тематика, во различни културни контексти - со драматично различен израз. Сонцето на медитеранот во Каталонија, долго време под закрила на Франко, произвело едни класични, типично средноевропски видувања додека поткарпатието и отворената средноеврпоска рамнина, во Малата Виена под заштитата на Чаушеску, довело до еден можен правец на развој, да речеме на импресионизмот, кој бил под силно влијание на медитеранското сонце. Рибас е ѕвезда и самоуверено се движи и изразува. Дамиан е скромен, интровертен, мистичен и фотографиите ги работи со свои хемиски рецепти за кои никој друг нема претстава и не се знае како настанануваат неговите дела. Со внимателно задлабочување во делата на двајцата автори, може да се слушне еден вечен паневропски дијалог, разговор за вечни теми, полн со ситни пецкања, дофрлувања, страст и жар во излагањето, но и многу потиснувања, кнедли во грлото, досетки и вицеви. Неверојатно ретко сме имале можност да видиме вакви поставки кај нас. Веруваме, тоа што ќе го слушнете ќе допре и до некои од вас. *Од текстот за најава на изложбата...*

Изложбата ја отворија:
• Директорот на КИЦ-Скопје, г-динот Тони Димитров,
• Културното аташе на кралството Шпанија во Македонија, Ернесто Хедереро дел Кампо,
• Сашо Алушевски, од Зрно.





Josep Maria Ribas Prous



## „Сништата на Ева“ од Дамиан Диаконеску

Дефинирањето на тип на слика е збунувачко уште од самото почеток, бидејќи за оние кои се по природа радознали, тешко е да се разликува *природата* на сликата од аспект на употребената техника. На прв поглед, се чини дека сликата припаѓа на спектарот на графиката, во ниеден случај случај на фотографијата, а уште помалку на аналогната фотографија.

Затоа, Дамиан Диаконеску предлага спектакуларен експеримент и трансфигурација на сликата со срмени ништо, во добата на дигиталната технологија, кога создавањето на фотографиите е трка, предвидувајќи дури и потиснување на зборот на врвот на хиерархијата на комуникацијата, кога средствата на дигиталната пластицизација изгледаат бесконечни, и кога се чини дека се исцрпени сите *ресурси* на модернистичкиот и постмодернистичкиот израз. Што би била новоста на технолошката мистерија, надвор од алхемискиот аспект, кој, пак, очигледно е дел од арсеналот на креативните средства, бидејќи воопшто не е претерано да се прифати идејата дека „техниката е уметност и... уметноста е техничка...“?

Има чудна асоцијација и спротивставеност на сребрени честички во сликите на Дамиан Диаконеску, така што металните тонови, со изразито убедлив материјален предлог, се контрапункт на други толку нејасно очртани што изгледаат небаре испарени...

Особините на Ева, карактеристиките на женственоста, всушност се откриваат, истражувајќи го целиот спектар на тонски предлози од цврстината на металниот сјај до ангелската делотворност на несигурните транспарентности, од читливиот цртеж на фрагмент од женското тело до неговата целосна распуштеност, од дефинитивното присуство до илузијата за присуство...

Очигледно, стилски сликите може да се анализираат и асоцираат со апстракционизам, орфизам, неопластичизам, синхронистичко сликарство, смело, секојпат, да пристапат дури и до акционото сликарство на Џексон Полок. Сепак, надвор од овие внатрешни паралелизми остануваат тие тридимензионални предлози, добиени со спојување на некои тонски густини и кулминирајќи со она што изгледа на златни срмени ништо на православната иконографија... Заклучно, можеме да кажеме дека ова *враќање* на изразниот потенцијал преку слики со сребрен желатин - овие уникатни слики - ни го откриваат неисцрпниот универзум на сребрени кристали/материја кога се среќава со креативниот дух.

*Уметнички критичар Ѓорѓе Шфаитер*

**Техника:** рачно изработени фотографии на црно-бела фотографска хартија се прават во класична

лабораторија преку техника која хемиски оштетува фотографската емулзија. Хроматски и креативни ефекти се постигнати преку експерименталните хемиски техники на авторот. Делата се уникатни; идентична копија не може да се добие дури ни лично од авторот.

Културно-информативен центар КИЦ
20 јуни 2023, 20.30 часот







Damian Diaconescu











# Работилници за алтернативни фотографски процеси, село Цапари, Битола



Носечката активност на Зрно се работилниците за благородни фотографски процеси. Сите со нетрпение го чекаме периодот од годината кога возбудата расте, студентите привршуваат со обврските и нашата черга може да се распостели! Се собираме заедно, познати и непознати и во тој замислен магичен круг на заедничката страст се случува нешто кое што тешко се опишува а е невозможно да не се доживее, доколку се искуси.

Работилниците на Зрно 2023 се одвиваа во неверојатно благородниот простор кој ни го отстапи семејството Филевски, просторот каде се одржува уметничката колонија Де Ниро. Пелистерскиот воздух и ладната вода, преубавото природно опкружување ја направија целата магија. Не моравме многу да се трудиме. Поминавме незаборавни седум дена.

Како што рековме и погоре, имаше многу хемија тие седум дена. Дел од неа ја обезбеди Adox!





# Работилница за класична црно бела фотографија

Под водство на: Ивана Томановиќ
Асистентка: Емилија Сандиќ

Учесници:
Јордан Звездоски
Филип Ицоски
Ивана Цветаноска



*Ивана Томановиќ, Белград*

Ивана Томановиќ е родена во 1971 година во Нови Сад. Магистрирала на Академијата за филм и телевизија (ФАМУ) во Прага - на катедрата за фотографија. Во моментов е на докторски студии од областа на ликовната уметност на Академијата за уметности во Нови Сад. Од 2001 до 2015 година работи како уредник во списанието за културата на фотографијата - РеФото (Белград). Предава фотографија како редовен професор на Академијата за уметности на универзитетот во Нови Сад и на Академијата за уметности на Универзитетот „Алфа" во Белград. Била уметничка директорја на галеријата Артгет во културниот центар во Белград за сезоната 2016. Редовно држи предавања за естетика на фотографијата и е учесничка на бројни панел дискусии на фестивали, работилници и конгреси посветени на фотографијата и визуелните уметности.

Ивана досега има објавено над триста статии во списанието РеФото и во други каталози, книги,

списанија, весници... Уредник е на фото-монографијата „Драгољуб Тошиќ - Фотографии". Била во комисија на бројни изложби во земјата и во странство и член на одборот на Саемот на фотографија организиран од галеријата Артгет и белградскиот културен центар, како и член на националниот тим за селекција на фестивалот Ровињ-Фотоденови. Била претставничка на Србија во европскиот проект „Transeurope" посветен на европската современа фотографија, организиран од Финскиот музеј на фотографија (Хелсинки), PhotoEspana (Мадрид) и Euromare (Атина). Во нејзиното фотографско творештво, најмногу е посветена на индивидуална истражувачка работа од областа на документарната фотографија и сценографијата, а особено ја интересираат можностите за уметнички инсталации во простор.

*Името на фестивалот одлично одговара на неговиот концепт и на начинот како се одржува. Малку е несериозен, како некоја емисија за деца, воедно и интригантен, а пред се одлично звучи! Зрно асоцира на некое растење, на нешто што може да се посее, одгледува, расте и расте. Плодовите секако ќе дојдат. Овогодинешното Зрно го покажа и го докажа сето тоа. Многу работилници и многу работа, па со самото тоа и многу резултати. Преубаво дружење со различни луѓе-од возраста до јазикот на кој зборуваат, па до интересирањата-фотографски и животни. Шарена палета на ликови и прикази која го „бои“ фестивалот со боите на виножитото и го прави единствен, затоа што скоро и да нема граница меѓу работата и дружењето - па понекогаш ми се чини дека личиме на хипи комуна која размислува како да го промени светот на подобро. Во текот на седумте дена на фестивалот, светот секако изгледа подобро, а тешките збогувања и новите пријателства нѐ потсетуваат дека сето знаење е безвредно без човечката димензија, дека најважно и најубаво е споделувањето на тоа што знаеш и умееш. Зрно долго се носи во срцето и кога одамна ќе заврши, радосно се очекува новото издание - лудо, неизвесно и возбудливо како и до сега. Едно знам сигурно, Зрно има здраво семе и од него може да расте само убаво и добро!*





# Работилница за цијанотипија

## Под водство на: Дамиан Диаконеску

Учесници:
Милош Точаковић
Љубица Влашки
Ангела Грозданов
Тома Димовски



*Дамиан Диаконеску, Темишвар*

Дамиан Диаконеску, роден во 1954 година во Рошиле Валцеа, Романија, за запознал со фотографијата уште на возраст од пет години во лабораторијата на татко му, каде што составувал свој апарат за увеличување. Неговото детство било потопено во светот на фотографијата и кинематографијата во киносалата во Балчешти, со неговиот татко на чело на кинематографското одделение во областа Олтету. За време на неговите средношколски години, тој е активен член на клубот за фотографија. Од 1991 година до денес, тој служи како културен и уметнички фото-филмски критичар во Куќата на културата на студентите во Темишвар. Порано, меѓу 1982 и 1990 година, бил зоотехнички инженер и шеф на фармата Orțișoara во Жуп. Тимиш. Неговото учество во неколку изданија на "Националниот студентски фестивал на фотографската уметност" од 1976 до 1980 година допринесе да биде прогласен за лауреат во 1978 година. Тој исто така е креатор на уметничкиот документарен филм "Трансхуманца" во 1981 година и развил своја специфична лична сребрена фотографска техника.

**Изложби на авторот:** Лондонски аналоген фестивал 2014 (Англија) - „Marturii argentice e", Аналог Манија 2014 (Темишвар) - „Marturii argentice", Филхармонија на Темишвар дек 2013 - „Marturii argentice", Галерија Калпе Темишвар 2013 - „Marturii argentice", Меѓународен фестивал на фотографијата Романија - „Marturii argentice", Галерија Калпе 2018 - "Сништаша на Ева", Меѓународен фестивал на аналогната фотографија Ревела't - „Трансхуманца" - 16мм уметнички документарен филмCultural

**Културен менаџмент:** Од 1991 година, тој е културен и уметнички координатор во Фото клубот Ирис во рамките на Куќата на култура на студентите во Темишвар. Бил надгледувач на 7 изданија на националниот конкурс за фото новинарство ISO 400 и 15 изданија на студентскиот фотографски конкурс Фотогенија. Покрај тоа, водел 30 курсеви за уметноста и техниката на фотографијата, како и 16 кампови за креирање фотографии. Во својата впечатлива 32-годишна кариера, организирал преку 250 фотографски изложби во Куќата на култура на студентите.



*За мене Зрно беше фасцинантен настан каде што спојот на духот со она што го чувствувам како пластичниот израз, едноставната слика на радоста да го пронајдете вашето алтер его, на патот да се пронајдете себеси преку другите, преку овие прекрасни македонски луѓе. Тогаш и таму, почувствував дека најправилната врска меѓу мене и другите, начинот на кој можеме заеднички да се поврземе со светот, се сонцето и природата, преку начинот на кој светлината може да ги открие нашите мисли и емоции. Така, цијанотипијата стана наша вистинска врска...*
*Беше прекрасно!*
*Ти благодарам Зрно!*
*Нека вашите зрна сребро живеат вечно во нашето сеќавање!*





# Работилница за лумен принт

Под водство на: Јелена Белиќ

Учеснички:
Анета Попова
Ioulia Ladogianni



*Јелена Белиќ, Скопје*

Дипломиран инженер архитект на тема Стратегии за обнова на македонското село на Универзитет Св.Кирил и Методиј - Скопје, на 02.02.2011

Вработена како архитектка и 3Д визуализаторка во Стоун Дизајн ДОО Скопје од март, 2018 година. Работно искуство во професијата од 2011 година. Соработничка на проекти од областа на ентериер, урбанизам и архитектура. Авторка на 3Д модели/визуализација и проекти за многубројни архитектонски објекти.

**ФОТОГРАФИЈА**
Член-кооснован на Фестивалот за алтернативна фотографија Зрно.
Водителка на работилница за лумен принтови во јули 2023, с. Цапари. Официјален фотограф и дел од фото тимот на Македокс од 2017 година. Фотограф на многу културни настани; изложби, промоции, перформанси, театарски и балетски претстави, концерти и фестивали.

**СЕЛЕКТИРАНИ ИЗЛОЖБИ / ПУБЛИКАЦИИ / ПРОЕКТИ**

- Октомври 2023 - Групна изложба на графики во сито печат "Turbulator" Новодоба фестивал, локација Кула Цетинска, Белград, Србија во сито печат, како дел од колективот на Партизанска штампа.
- Септември 2023 - Групна изложба на графики во сито печат "Fatal Error" во Веспрем, Унгарија, во организација на Партизанска штампа (ЗКУ Колектив Ветерница).
- Јули 2023 - Коавторка на книга-експонат на лумен принтови "Светлозаписи", во соработка со Анета Попова
- Мај 2023 - Групна изложба на алтернативни фотографии "Кон сонцето!" со членовите од тимот на Фестивалот за алтернативна фотографија Зрно, локација Магаза, Битола
- Декември 2021 - Групна изложба на цртежи и промоција на книга "Кошмари и соништа" во сито печат во организација на Партизанска штампа (ЗКУ Колектив Ветерница), локација КСП Центар-Јадро, Скопје

- · Мај 2021 - Самостојна изложба на фотографии во Буква на фестивалот Арт Ареа ,Скопје
- · Март 2021 - Групна изложба на графики Партизански дневник, дел од колективот на Партизанска Штампа, Улична галерија, Белград
- · Септ. 2020 - Дел од групна изложба на фотографии во МКЦ на фестивалот Друга приказна, Скопје



*Едноставноста на лумен принт процесот дава можност за кратко време учесниците да се нурнат во длабокото море на експериментот и играта на импровизација. Од таму да се исплива, да се избегне комфорното репродуцирање на само "убави принтови", е вистинскиот предизвик на секоја уметничка постапка или техника. Оваа година имавме среќа една брилијантна учесничка да ни покаже дека е можно истото, и при тоа да развие личен уникатен пристап. Заедно направивме лумен принтови во сини, розеви, виолетови, од кафено модри до бледо жолтеникави бои и тонови; безброј текстури и пулсирачки ритми, на црно-бела фотографска хартија. Директно од сонцето и кон сонцето!*

# Работилница за колодиумска фотографија

## Под водство на: Предраг Узелац
## Асистент: Миле Влашки



*Предраг Узелац, Нови Сад*

Учесници:
Ernestine Louise
Ана Рунчева
Tijana Borbelj
Sarah Islam

Љубовта кон фотографијата Предраг Узелац ја негува од секогаш. Дипломирал на новосадската *Академија за уметност,* ликовен отсек, смер фотографија, каде и денес ги следи докторските академски студии на Катедрата за ликовни уметности. Од 1997 изложува на бројни колективни и самостојни изложби во Белорусија, Југославија, Мексико, Франција, Хонг Конг, Германија, Словачка, Србија. Во својата уметничка пракса минува низ различни пристапи и жанрови, документарна, режирана, пејзажна и портретна фотографија. Сепак, средиштето на неговиот авторски интерес е портрет на човекот, носител на сопствена филозофија и неговото делување како на себе и на другите, така и на личната и колективната материјална и нематеријална околина. Во последен период истражува и работи во полето на историските и благородни фотографски процеси (мокар колодиум, цијанотипија). Работи на новосадската академија за уметности и како професионален фотограф во областа на музеологијата, рекламата и дизајнот.

*Мислев дека големата љубов и невиност кои го изнедрија првото издание на фестивалот би можеле да бидат својства кои можат да красат само нешто штотуку родено или прва љубов, и дека тоа ќе биде преголем терет за понатамошниот живот и постоење на фестивалот. Сепак, како и во природата, Зрното кое изрти го покажа величествениот тек на живот и неверојатеен раст. Одушевен сум. Безрезервната размена на умешност и љубов се повеќе од погодна почва за раст на сè што се однесува на овој единствен фестивал. Ви благодарам што безусловно нè прифативте.*

Предраг Узелац, *Мештар*



Ernestine Louise:

*Фото фестивалот „Зрно" беше инспиративен. Учењето од инструкторите и од другите учесници помогна во креирањето на заедница за споделување во која сите се заангажиравме. Како визуелен уметник, заклучив дека станува збор за отворена, охрабрувачка и гостопримлива група учесници. Учењето на колодиумскиот процес во опуштена, но фокусирана средина ја разви мојата почит кон фотографијата и нејзиниот потенцијал да стане моја идна уметничка пракса.*



# Работилница за сендвич принт

Под водство на: Стефан Стефановски

Учесници:
Катерина Николовска
Мила Макаровска
David Hrubik



*Стефан Стефановски, Зрењанин*

Студент на трета година на академијата за уметност - Нови Сад, отсек фотографија. Фотограф на:
21114 Филм Фест,
МакеДокс,
Снимател во неколку проекти на колективот Министерство за простор. Дел е од тимот на Зрно каде во 2023та година бил водител на работилницата за сендвич принтови. Исто така е дел од тимот на Шок задруга, во рамките на Мултимедијалниот центар Led Art и воедно е продукциска поддршка на Пасаж фестивалот. Учествувал на 20 групни изложби во Србија, Македонија и Кина. Моментално ја подготвува својата прва самостојна изложба.

*За мене Зрно фестивалот е радост што ја искусив од првиот ден кога се пријавив за учество, каде природното и фотографско опкружување беше исполнето со креативна и инспиративна енергија. Овој фестивал ми даде шанса да сум дел од тимот и ми помогна во понатамошниот личен и креативен развој. Со оглед дека ова ми беше прва работилница што сум ја држел, и можам да речам дека сум многу задоволен - и од самата енергија на учесниците и од целата креативна, позитивна енергија со која беше проткаено овогодинешното издание на Зрно. Синергијата на креативност беше магична и ефикасна. Зрно ги спојува убавите луѓе!*





# Работилница за поларoид

## Под водство на: Мартина Павлоска

Учесници:
Tasos Papadopoulos
Милица Влашки
Мила Старделова
Nikola Stamenković



*Мартина Павлоска, Милано*

Мартина Павлоска родена во 1981год во Скопје, Македонија , работи како модел и во својата кариера работела во повеќето модни метрополи, како што се Њу Јорк, Лондон, Париз, Милано и Токио. Се има појавено на многу ревии меѓу кои Chanel, Cristian Lacroix, Alexandar Mcqueen, Gianfranco Ferre, Giorgio Armani, Vivienne Westwood. Има работено на модни капањи и едиторијали каде што соработувала со познати фотографи. Со фотографијата се запознава преку модата, каде што се сретнува и со поларoидите. Магијата на "сега и тука" што ја пружа поларoидот и спонтаноста на истиот, стануваат нејзина страст.

Завршила основен и напреден курс за фотографија кај Сашо Алушевски. Ко-основач на меѓународниот фестивал на алтернативна фотографија - Зрно. Одговорна за имиџот на фестивалот во јавност.

До сега се претставила со авторски фотографии на:
- групна изложба на алтернативни фотографии во КИЦ - Скопје на 4ти јули 2022 под името "Да растеме заедно"
- групна изложба на дела настанати на првото издание на меѓународниот фестивал на алтернативна фотографија - Зрно во КИЦ 9ти август 2022
-групна изложба на куп на македонска фотографија 21ви септември 2022
- групна изложба на алтернативни фотографии во Магаза, Битола на 6ти мај 2023 под името "Кон сонцето!"
- групна изложба на алтернативни фотографии на свеченото отворање 19. Меѓународна колонија "Де Ниро"- Битола, во Цапари 23ти јуни 2023
- групна изложба на инстант фотографии на фестивалот за аналогна фотографија SiFest во Савињано сул Рубиконе (Savignano sul Rubicone) 8ми септември 2023 под името "Бајка"

- групна изложба на фестивалот за инстант фотографии ISO600 во Галерија Паолети - Болоња на 6ти октомври 2023
- групна изложба на инстант фотографии на саемот за уметност artCity во Болоња во Галерија Виола на 2ри февруари 2024 под името "Controtendenze"
- Групна изложба на фестивал за инстант фотографии X roid - Int'l Instant Art Expo Bonn во The Stage Gallery во Бон на 3ти мај
- Групна изложба на инстант фотографии на меѓународниот саем на книга во Торино на 9ти мај под името "Books in the wall"

Моментално живее во Милано, работи како ПР на социјалните мрежи и се бави со мода





*Да се води работилница за полароиди каде што може да се споделат знаењето и страста за полароиди со другите, беше едно неверојатно исполнувачко искуство, посебно за мене затоа што тоа е мојата длабока страст. Иако некои од учесниците за прв пат се сретнаа со оваа техника, сепак успеаа да најдат свој правец на креативна игра со полароидите. Некои соработуваа и употребуваа различни техники, како што се лифтот и цртањето. Некои експериментираа со полароиди и цијанотипија. Најголем успех за мене лично е кога ќе видам дека сум предизвикала трајна страст за инстант фотографија, како и инспирација и чувство на заедница што продолжува долго по завршувањето на работилницата и фестивалот.*

# Работилница за Мордансаж

## Под водство на: Сашо Алушевски

Учесници:
Stig Marlon Weston
Michael Laubsch



*Сашо Алушевски, Скопје*

Сашо Алушевски. Живее во Скопје, Македонија. Го интересираат разните форми на изразување. Тотален меланхолик. Или сангвиник? Зависи кога ќе го запознаете. Неговиот темперамент се навигира по месечината. Понекогаш фотографира. Најчесто аналогно и е македонски пионер во многу благородни фотографски процеси. Смета дека целиот универзум е една голема игра, или, уште подобро-шега. Неговиот живот можеби најдобро би се опишал како едно фаустовско клише, иако тој сака да повеќе да го прикаже како сурфање помеѓу алтер егата на Хомер Симпсон и Хаклбери Фин. Сака класична музика, џез, балет и панк. Не гледа холивудски филмови и серии. Сака авторски филмови. Подобро готви од што фотографира. Се чувствува глупо за себе да пишува во трето лице.

*Ич не беше едноставно да се води ваква работилница со возрасни луѓе-пријатели, кои се добро упатени во тајните на аналогната фотографија. Самата техника е ем пипава ем чурук и во многу што се базира на хемикалиите. Одамна не ми се случило да не сум комотен да се наметнам и да водам образовен процес, сега не бев, заради тоа што се сметав недостоен за такво нешто, од почитување кон учесниците. Чудно и поучно чувство. Оставив на крај цел процес да оди како што ќе оди, бев само делумно присутен ако сум потребен. Самите си тераа. Не знам како се чувствувам и носам со сето тоа. Ама не ми беше неубаво и верувам дека и моите двајца учесници не зажалија што беа на Зрно.*
Сашо

*Фотофестивалот „Зрно“ беше неверојатна комбинација на учење, игра и дружба во една од најгостопримливите фотографски заедници што сум ги запознал. Работилницата беше опуштена, но сепак интензивна бидејќи имаше простор самостојно да експериментирам со некои нови идеи. Преку корисни совети и пријателски дискусии поминав денови учејќи нови методи за печатење кои преминуваа од фрустрација до искрена среќа со цела серија на нови печати. Кога си дојдов дома со себе со понесов идеи и планови за нови фото-проекти, склопив нови пријателства и врски на начин што не сум искусил на поголемите фотофестивали досега.*
Stig Marlon Weston



Нашата зајадлива ведрина во кризни моменти, нашата видео мајсторка без која никој не би знаел за Зрно, годинава, имаше повеќе работа и немаше работилница - Кети вели: *И покрај обврските со моето мало ЗРНЦЕ оваа година сепак успеав да бидам дел од ЗРНО во Цапари. Успеав да бидам дел и да украдам по некој зрак од секоја работилница, а мислам дека и другите учесници го направија истото и така задоволни (и подучени) ги испративме со сонциња во очите. И тоа беше нашата цел! НЕ, не го следевме Сонцето туку сјаевме заедно со него :)*

# Проекција на филмот Манаки, приказна во слики и предавање за старата македонска фотографија

На 14ти јуни, 2023, Зрно ги покани сите заинтересирани да дојдат и да погледнат, да се обидат да создадат нешто со некоја алтернативна техника. На 14ти јуни, имавме отворен ден. Нè посетија селаните со кои се дружевме и претходно, пријатели од Битола, Скопје, заинтересирани љубители на фотографијата. Попладнето, гостите ги прошетавме низ Битола, а од 20.00 часот во Киното Манаки се одржа предавање за старата македонска фотографија и проекција на филмот *Манаки - приказна во слики.*

Голема благодарност до професорот Роберт Јанкулоски, кој одржа впечатлива презентација на старата македонска фотографија. Во неговото излагање слушнавме за и видовме дела од многу пионери на македонската фотографија, меѓу кои и за: Христо Димкароски, Евстатие Јолески, Јанаки и Милтон Манаки, Зафир Ошавков, Јонче Поп Стефанија, Благоја Жежоски, Лазар Кермеле... едно предавање полно со интересни информации, особено за учесниците и гостите вон Македонија и предавање, сосема во контекст на она што Зрно се обидува да го прави-одржување на традицијата и возобновување на благородните фотографски техники.

Проекцијата и предавањето во Киното Манаки беа отворени за публика, па салата на Киното Манаки беше скоро полна.






## МАНАКИ - ПРИКАЗНА ВО СЛИКИ, 2018, 70'




Документарен филм, Македонија
Режија: Роберт Јанкулоски
Продуцент: Роберт Јанкулоски
Монтажа: Блаже Дулев
Сценарио: Илинденка Петрушева, Роберт Јанкулоски
Директор на Фотографија: Роберт Јанкулоски
Музика: Дарко Спасовски

Филмот ја прикажува фотографската работа на Јанаки и Милтон Манаки, првите балкански кинематографери. Со текот на годините браќата Манаки се митологизирани, а додавањето на нови и непотврдени информации со цел да се зголеми нивната важност е непотребно и штетно, бидејќи нивното творештво и онака е од големо културно значење не само во Македонија, туку и во поширокиот балкански контекст.

Поради оваа причина, секој факт и мислење презентиран во филмот МАНАКИ - ПРИКАЗНА ВО СЛИКИ се внимателно истражени и потврдени со презентирани артефакти. Приказната се раскажува преку оригинални документарни фотографии следејќи ја нивната работата, од отворањето на првото професионално студио во 1898 година во Јанина и подоцнежното селење во Битола, сега познат како град на браќата Манаки.

Роден е во Прилеп, 1969 година. Дипломирал на факултетот за Драмски уметности во Скопје на катедрата по камера во 1996. Магистрирал во 2011 на Универзитет за аудиовизуелни уметности - ЕСРА Париз-Скопје-Њујорк во Скопје. Основач е на Македонскиот центар за фотографија, 2000 година. Реализирал 40 самостојни изложби и учествувал на голем број групни изложби насекаде во светот: Скопје, Белград, Венеција, Нови Сад, Виена, Њујорк, Истанбул, Брисел, Варшава, Загреб, Панчево, Париз, Рим, Пловдив, Лион, Ротердам... Добитник е на неколку награди од областа на визуелните уметности и филмот и носител на титулата Витез од областа на уметноста и книжевноста, доделен од Министерството за култура на Франција. Во моментов е редовен професор на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет "Еуропа Прима" во Скопје.



*Роберт Јанкулоски, Прилеп*

# Изгорени од сонцето

## Изложба на дела настанати на работилниците за алтернативна фотографија



Последната активност на Зрно во 2023 беше завршната изложба на избрани дела кои настанаа на работилниците во Цапари. Изложбата се одржа во продажниот салон на КИЦ-Скопје. Благодарност до сите вработени во КИЦ-Скопје, кои од самите почетоци на Зрно ја препознаа нашата вредност и ни се голема помош и поддршка. Комплименти и до актуелниот директор на КИЦ-Скопје, г-динот Тони Димитров, кој на ова, до скоро со години заборавено, а култно место со полна пареа му го враќа сјајот, интензитетот на активностите и култниот статус.

изложбата ја отворија:

- г-дин Тони Димитров, директор на КИЦ-Скопје,
- Сашо Алушевски, Зрно.





















Совет на општина Битола

Меѓународна ликовна колонија Де Ниро - Битола

Зрно 2023 е поддржано со понижувачки низок износ од

Република Северна Македонија
Министерство за култура


2023